Врз основа на член 9-д став (1) алинеја 11 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), а во врска член 13 од Правилникот за стручно оспособување на друг стручен персонал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/13, 123/15 и 155/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

# ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Предмет: Услови за прием на кандидати за стручно оспособување на професионални пожарници во воздухопловството**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 12 – 1357/1
31. 10 2023 год.-viti

**ОДБ број: 2023 – 001 - AND**

**Издадена: 31.10.2023**

**Ефективна од: 01.11.2023**

**Ревизија: 00**

- **Цел на оперативната директива**

Оваа оперативна директива за безбедност (во понатамошниот текст: ОДБ) има за цел да го олесни процесот на примање на кандидати за стручно оспособување за професионални пожарникари во воздухопловството од страна на Организацијата/центарот за вршење на обука на ТАВ Македонија, преку појаснување на условите за прием на кандидати, а во услови кога се настанати проблеми во имплементацијата на одредбите на Законот за пожарникарство.

- **Причина за издавање на оперативната директива**

Согласно член 13 став (1) точка 3 од Правилникот за стручно оспособување на друг стручен персонал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/13, 123/15 и 155/16), еден од условите за кандидат да биде примен на обука за стручно оспособување на професионални пожарникари во воздухопловството е кандидатот да има доказ дека е професионален пожарникар согласно Законот за пожарникарство. Овој закон генерално се однесува на територијални противпожарни единици воспоставени во рамките на општините во Република Северна Македонија и не ги опфаќа директно професионалните пожарникари во воздухопловството како друг стручен персонал на аеродром.

Дополнително, согласно член 23 од Законот за пожарникарство, за да се стане оперативен пожарникар во доброволните противпожарни друштва се бара лицето да има завршено курс кој го спроведува Противпожарниот сојуз на Република Северна Македонија по програма за која претходно Дирекцијата за заштита и спасување има дадено позитивно мислење. Понатаму, согласно член 12 од Законот за пожарникарство, територијалните противпожарни единици и противпожарните единици за сопствени или заеднички потреби можат да ангажираат само професионални пожарникари кои имаат завршено ваков курс и имаат стекнато уверение за завршено стручно оспсобување за професионален пожарникар. Ваквиот вид на уверенија претходно ги издавале работничките универзитети низ државата, кои повеќе не организираат вакви курсеви, од причина што во моментот во Република Северна

Македонија нема ниту една институција која има важечко одобрение за спроведување на курсот и издавање на соодветен документ (потврда, уверение).

- **Применливост**

Оваа ОДБ исклучиво се однесува на Организацијата/центарот за вршење на обука на ТАВ Македонија кој е одобрен од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за вршење на обука за друг стручен персонал.

- **Дефиниции**

За потребите на оваа ОДБ се применуваат следните дефиниции:

**Друг стручен персонал** - Во друг стручен персонал спаѓаат: професионални пожарникари, персоналот за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта, лица за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво, медицински лица, лица за обезбедување од дејствија на незаконско постапување, како и лица кои ја одржуваат аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење на безбедноста на воздушниот сообраќај;

- **Потребна активност и време на придржување**

Организацијата/центарот за вршење на обука на ТАВ Македонија може да прима на обука за стручно оспособување на професионални пожарникари во воздухопловството кандидати кои имаат:

1. Најмалку 18 години возраст;
2. Завршено најмалку средно образование;
3. Потврда за познавање на англиски јазик најмалку на ниво А2 согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (Common European Framework of Reference for Languages), и
4. Позитивна безбедносна проверка за лице (background check) согласно Националната програма за воздухопловна безбедност.

Оваа ОДБ ќе се применува до донесувањето на нов Закон за воздухопловство во кој терминот "професионални пожарникари во воздухолпловството" ќе се замени со терминот "пожарникари во воздухопловството".

- **Забелешки**

Прашања во врска со оваа ОДБ, треба да се доставуваат до Агенцијата за цивилно воздухопловство на следната електронска пошта: е-маил: info@caa.gov.mk.

**Директор,**

**д-р Томислав Тунтев**